



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ
СО ЈАВНОСТА

# КАРПОШ ЌЕ СЛАВИ, ЧУВА И ПАМЕТИ-ВО ЧЕСТ НА ВЕЛИКИОТ ЈУРИЈ ГАГАРИН

По повод Денот на космонаутот Јуриј Гагарин, на општина Карпош, свечено и беше предадено спомен – обележјето на првиот човек кој полета во вселената. Споменикот е донација од Амбасадата на Руската Федерација во Македонија, во заемна соработка со Градот Скопје На истоимената улица, која се наоѓа на територија на општина Карпош (спроти Министерстовто за еконимија) во паркот „Македонија" е поставен монумент кој треба да го чува споменот на големиот херој и симболот на новата ера во космонаутиката, но и да привлекува голем број туристи, не само граѓани на Република Македонија, туку и од светот. Општина Карпош која со овој свечен чин стана сопственик на ова значајно дело презеде обврска во иднана да го одржува и да се грижи за него.

- Јуриј Гагарин, храбриот човек, стана синоним не само на советската вселенска програма туку симбол и на човештвото, симбол на храброста и на победата, како и на желбата да се откријат нови простори. Во далечната 1961 година, леташе еден час и 48 минути околу орбитата и е првиот човек што ја напушти земјата и потоа се врати на земјината топка. Со тоа, тој отвори ново поглавје во светската историја, во развојот на науката и воопшто во човештвото. Многу ни е мило што ја имавме таа чест споменикот да ни припадне нам. За таа цел, на 24-та седница на Советот на општина Карпош, на 28 ноември, донесовме одлука споменикот да биде поставен токму овде, во непосредна близина на истоимената улица на територија на општина Карпош, рече во своето пригодно обраќање првиот човек на Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски. Овој споменик е од големо значење за повозрасните, но уште повеќе за помладите генерации, со цел токму тие треба да учат и да се потсетуваат на овој навистина храбар човек кој што е одликуван со орденот Херој на Светскиот Сојуз. Споменикот, меѓудругото натаму треба да ги поттикнува младите генерации на храброст и на желби за нови победи- истакна Јакимовски.

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски во името на сите граѓани на главниот град, им се заблагодари на донаторите на ова спомен-обележје, како и на сите инволвирани во проектот. - Во деновите посветени на космонаутиката свечено го одбележуваме поставувањето на ова спомен - обележје за човекот кој е светски симбол за непостоење на граници на човечките достигнувања и можности. По неговото кратко патување во вселената, се испишува во нова страница на човековата историја. И денес Гагарин е симбол на човештвото, за бестрашност, за технолошки просперитет и за прв чекор кон освојувањето на простори надвор од границите на земјината топка – рече Трајановски.

Амбасадорот на Руската федерација во Македонија, Олег Шчербак, со поздравен говор пред присутните го истакна задоволството што токму овој голем ден, посебно за рускиот народ, се овековечува со споменик на истоимена улица на територија на општина Карпош. - Заедно го отвораме паметникот на истакниотот син на земјата Јуриј Гагарин. Токму пред 54 години, на 12 април 1961 година почна новата ера во историјата на човештвото. Ера на освојување на вселенскиот простор. Од тој датум па наваму, човекот слета на Месечината, се подготвува за полетување на Марс, слетал во вселената. Но, пред се и пред сите, беше прв токму тој, Јуриј Гагарин. Храбар руски младич, со отворена душа, и како таков ќе се памети Гагарин. Им благодарам на градоначалникот Коце Трајановски и на градоначалникот Стевчо Јакимовски за активна помош во овековечувањето на сеќавањето на првиот космонаут во светот Јуриј Гагарин. Убеден сум дека овој споменик, подигнат во овој прекрасен парк ќе не потсетува на силата и големината на човештвото – заврши Шчербак. Јуриј Алексеевич Гагарин, советски космонаут, за прв пат се вивна во вселената на 12 април во далечната 1961 година. Тој е првиот човек кој ја прелетува Земјата околу нејзината орбита и безбедно се враќа дома. Неговиот живот згаснува на 27 март 1968 година во авионска несреќа.






## МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР - ЕСЕЈ 2015 - “ОДРЖЛИВО ОБРАЗОВАНИЕ” И “ХИПО 2015”

Елена Момировска, ученичка од ООУ„ Владо Тасевски“ се стекна со наградно признание од страна на Фондот за одржливо живеење, за успешното учество во Меѓународниот натпревар во пишување есеј на оваа актуелна тема. Момировска која беше под менторство на професорката Виолета Панев, учествуваше во вората категорија на ученици-натпреварувачи од 12 години. Меѓународниот натпревар -Есеј 2015 и дебатата на Фондот за одржливо живеење се одржа во многу силна меѓународна конкуренција. Тој имаше за цел да им даде можност на учениците да црпат инспирација и да споделуваат знаење за подобрување на соработката и реализација на деценискатаагенданаОбединетитеНацииза одржлив развој. Меѓународниот натпревар по англиски јазик – HIPPO 2015, организиран од LCCI - Global Input Global Hippo Association, а поддржан од EDI Pearson и SWAN Institute, има за цел да го промовира значењето на познавањето на англискиот јазик, како и соединување на децата од разни земји во едно мултикултурно семејство. Оваа година се одржува третиот меѓународен натпревар по англиски јазик со учество на 10.871ученици од Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Италија, Македонија, Црна Гора, Србија и Словенија во 5 категории (Hippo 1 – Hippo 5). Прелиминарниот круг се одржа на 14 март и ученичката Моника Алимова од VII в одделение, под менторство на наставникот по англиски јазик Марија Туџарова, освои максимален број на поени и се пласираше во финалето. Таа е единствен претставник - финалист од Македонија во категоријата HIPPO 2 и заедно со останатите 67 финалисти од сите категории, ќе се натпреварува на 8 и 9 мај во Лидо ди Јесоло, Италија, придружувана од кординаторот Панев Виолета. Значително голем дел од учениците учесници постигнаа одлични резултати и имаат можност да се стекнат со меѓународно признати дипломи по англиски јазик.



# СООБРАЌАЈНА ЕДУКАЦИЈА ЗА НАЈМАЛИТЕ



Најмалите жители на општина Карпош се здобија со нови знаења за сообраќајната култура, преку изучување на правила и прописи при преминување на улицата. Во градинката „Орце Николов“ во општина Карпош, се одржа едукативна претстава за децата на тема која насочена кон нивното однесување и нивна безбедност во сообраќајот. Во присуство на претседателот на Советот на општина Карпош, Сашо Лазаревски, претставници од Министерството за внатрешни работи, претседателот на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот, како и родители и вработени во градинката, беа поделени сообраќајни пораки од децата до присутните.

Директорката на градинката „Орце Николов“, Савка Ковачевска го искажа своето мислење за кампањата која е од големо значење за стекнување на навиките кај децата уште од најмала возраст. -Имавме чест како градинка да се приклучиме во Неделата на пешаците и да дадеме придонес во подигнувањето на јавната свест кај сите учесници во сообраќајот. Пред сè да им помогнеме на децата околу тоа како да се однесуваат на улица, да знаат дека треба да бидат многу внимателни и да знаат како да поминуваат пешачки премин на улица. Целта на кампањата „Кампања за поголема безбедност на пешаците во сообраќајот“ е најмладата возраст да се здобие со сообраќајна едукација и запознавање со основни правила и прописи како и нивно оспособување за препознавање на ризиците и опасности во сообраќајот.

Претседателот на Советот на општина Карпош, Сашо Лазаровски истакна дека локалната самоуправа дава и секогаш ќе дава поддршка за проекти и кампањи од ваков вид. -На наше задоволство, денеска, кампањата започнува во општина Карпош во наша градинка. Сакам да потенцирам дека Општината ја поддржува оваа кампања и ќе даде максимален придонес и ќе ги вклучи сите оние институции кои се во наша надлежност да се приклучат во неа, со една цел, зголемување на безбедноста на улиците. Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, во рамките на кампањата, обезбеди околу 30-на флуоросцентни елечиња за децата од градинката, за поголема безбедност и видливост во сообраќајот.

Претседателот на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот, Стојче Стаменковски поопширно образложи зошто токму децата од најмала возраст се приклучени во оваа кампања и какви цели има истата. -Од почетокот на оваа недела, и уште месец и половина, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот, ќе реализира една опсежна кампања која има за цел подигнување на свеста кај ранливите категории, учесници во сообраќајот. Првата недела е посветена на децата како учесници во сообраќајот и во соработка со локалната самоуправа и со градинката, со цел да ја намалиме бројката на деца-жртви во сообраќајот на минимум. Во рамките на кампањата „Почитувај ги правилата-почитувај го животот“, во период од 14 април, се до 31 мај, ќе се реализираат повеќе кампањи за подобрување на безбедноста на ранливите групи на учесниците во сообраќајот (пешаци, велосипедисти, мотоциклисти, млади возачи).



# СЕЌАВАЊЕ ЗА ЕВРЕЈСКИТЕ ЖРТВИ НА ХОЛОКАУСТОТ-ДА НЕ СЕ ПОВТОРИ



Со проекција на едукативен историски ученички филм, како и со незаборавните стихови на Ана Франк, денеска, на пригоден начин,се одбележа Денот на сеќавањето на жртвите на Холокаустот – Јом Хашоа. Трета година по ред, овој проект е во „вештите“ раце на организаторите од ООУ „Петар Поп Арсов“ од општина Карпош. Новитет оваа година е тоа што во него се вклучија сите заинтересирани ученици од десетте училишта на територија на општина Карпош. Тие изминатите денови неуморно работеа на настанот за сеќавање на еврејските жртви кои и на наши простори биле во огромен број. Директорката на училиштето, Лела Николовска изрази задоволство што веќе трета година, се повеќе ученици се вклучени во овој проект со извонредни пораки за мир и благостостојба во иднина за сите народи. -Станува збор за Денот на еврејската заедница, при што целта е што повеќе да ги запознаеме учениците со тој дел од историјата за кој, сакаме да кажеме „Се случило да не се повтори“. Пораката е да го прошириме пријателството затоа што тоа ја прави душата облагородена. Целта ни е да го прошириме проектот не само со учениците од нашето училиште, туку да ги вклучиме и новите генерации на учениците и од другите основни училишта кои заеднички ќе ја испратат оваа порака и подалеку од Општината. Овој проект ги допира емоциите кај луѓето, а кога станува збор за емоција за човечко страдање кое носи трауми, многумина сакаат да испратат вистински хуманистички пораки.

Освен едукативната презентација на сеќавањето и одбележување на Денот на шестмилионски еврејски жртви на Холокаустот, беше отворена и ликовна колонија на тема „Минатото неможе да се промени, но да не дозволиме да се повтори„. Координаторката на проектот, советничка од Карпош Даниела Штерјова, беше искрено задоволна од заинтересираноста на основците за запознавање на историјата и настаните во времето во Втората светска војна. -Проектот се применува уште во 2012 година во образовниот процес во основните и средните училишта. Тој е интересен бидејќи вклучува повеќе предмети на работење. Вклучени се англискиот јазик, историјата и ликовното образование. Во рамки на него децата дадоа многу изработки, а патем реализираа и филм како резултат на едно долготрајно истражување на историјата на Евреите во Македонија. Станува збор за 7.144 луѓе кои што на најбрутален начин се убиени, а кои живееле тука. Ова што денеска се случува во нашето училиште, сметам дека треба да се преземе во многу повеќе училишта и вистината за Евреите да се прошири што пошироко. Во чест на одбележувањето на Меѓународниот ден на Холокаустот, претседателот на Советот на општина Карпош, Сашо Лазаровски изрази задоволство што токму ова училиште веќе три години station наназад е организатор на проектот. - Се работи за сеќавање на жртвите од Втората светска војна кога еврејските семејства биле носени во логорите. Општина Карпош секогаш ги поддржува ваквите настани. Се надевам дека ова веќе никогаш нема да се повтори и во иднина да имаме мир и спокојство, порача Лазаревски. Во текот на Втората светска војна, од страна на нацистичкиот режим во Германија, предводен од Адолф Хитлер, беше извршено систематско убивање на околу шест милиони европски Евреи.

